20252044074

# МИНИСТЕРСТВО ЗА ТРАНСПОРТ

Врз основа на член 74 став (8) од Законот за градење („Службен весник на Република Македонија“ бр. 130/09, 124/10, 18/11, 36/11, 54/11, 13/12, 144/12, 25/13, 79/13, 137/13, 163/13, 27/14, 28/14, 42/14, 115/14, 149/14, 187/14, 44/15, 129/15, 217/15, 226/15, 30/16, 31/16, 39/16, 71/16, 132/16, 35/18, 64/18, 168/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 244/19, 18/20, 279/20, 227/22, 111/23, 224/24, 255/24, 3/25, 17/25, 87/25 и 101/25), министерот за транспорт донесе

## ПРАВИЛНИК ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ПРАВИЛНИКОТ ЗА ФОРМАТА И СОДРЖИНАТА НА БАРАЊЕТО, ПОТРЕБНАТА ДОКУМЕНТАЦИЈА И ОБРАЗЕЦОТ НА РЕШЕНИЕТО ЗА ИЗВЕДУВАЊЕ НА ГРАДБИТЕ ОДНОСНО ПОСТАВУВАЊЕ НА ОПРЕМАТА ЗА КОИ НЕ Е ПОТРЕБНО ОДОБРЕНИЕ ЗА ГРАДЕЊЕ

Член 1

Во Правилникот за формата и содржината на барањето, потребната документација и образецот на решението за изведување на градбите односно поставување на опремата за кои не е потребно одобрение за градење („Службен весник на Република Македонија“ бр.55/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 188/20, 55/21 и 263/22), во членот 29 воведната реченица се менува и гласи:

„За изградба на фотонапонски електроцентрали кои се поставуваат на објекти и складишта на електрична енергија од истите, со решение согласно член 74 од Законот за градење, потребно е да се достави следната документација:“.

Во алинејата 1 по зборовите „фотонапонската електроцентрала“ се додаваат зборовите „и складиштето на електрична енергија од истата“.

Во алинејата 2 по зборовите „фотонапонска електроцентрала“ се додаваат зборовите „и складиште на електрична енергија од истата“.

Во алинејата 3 по зборовите „фотонапонска електроцентрала“ се додаваат зборовите „и складиште на електрична енергија од истата“, а зборовите „доколку електроцентралата се поставува“ се заменуваат со зборовите „доколку фотонапонската електроцентрала и складиштето на електрична енергија од истата се поставуваат“.

Во алинејата 4 зборовите „електроцентралата се поставува“ се заменуваат со зборовите „фотонапонската електроцентрала и складиштето на електрична енергија од истата се поставуваат“.

Член 2

По членот 29 се додава нов член 29-а кој гласи:

„Член 29-а

За изградба на складишта на електрична енергија со цела пропратна електро-техничка опрема само за потребите и во склоп на постојни објекти за производство на електрична енергија од обновливи извори (ветерна, сончева и хидро енергија), потребно е да се достави следната документација:

-имотен лист за постојниот објект за производство на електрична енергија од обновливи извори (ветерна, сончева и хидро енергија) на кој се предвидува да се постави складиште на електрична енергија со целата пропратна електро-техничка опрема;

-ревидиран основен проект за поставување на складишта на електрична енергија со цела пропратна електро-техничка опрема само за потребите и во склоп на постојниот објект за производство на електрична енергија од обновливи извори - ветерна, сончева и хидро енергија (фаза-архитектура, фаза-градежен дел, фаза-електрична инсталација и опрема);

-лист за предбележување и имотен лист со прибележано одобрение за градење на постојниот објект за производство на електрична енергија од обновливи извори (ветерна, сончева и хидро енергија) во случај кога постојниот објект за производство на електрична енергија од обновливи извори (ветерна, сончева и хидро енергија) на кој се поставува складиштето на електрична енергија со целата пропратна електро-техничка опрема е во тек на изградба врз основа на правосилно и важечко одобрение за градење;

-договор склучен со сопственикот/сопствениците на објектот или писмена согласност за поставување на складишта на електрична енергија со целата пропратна електро-техничка опрема, од сопственикот/сопствениците на објектот, доколку складиштата на електрична енергија со цела пропратна електро-техничка опрема се поставуваат за потребите и во склоп на постојни објекти за производство на електрична енергија од обновливи извори (ветерна, сончева и хидро енергија) кои се поставени на индивидуален објект кој не е во сопственост на инвеститорот;

- договор со заедницата на сопственици на посебни делови на објектот или писмена согласност од мнозинството сопственици на посебните делови од објектот кои претставуваат повеќе од половината од вкупната површина на објектот, доколку складиштата на електрична енергија со цела пропратна електро-техничка опрема се поставуваат за потребите и во склоп на постојни објекти за производство на електрична енергија од обновливи извори (ветерна, сончева и хидро енергија) кои се поставени на објект во етажна сопственост и

- овластување за изградба на градби за производство на електрична енергија издадено од надлежен орган согласно прописите за енергетика, доколку согласно прописите за енергетика е предвидено овластување за изградба на овој вид на градби.“.

Член 3

Овој правилник влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 01-6954/1
2 октомври 2025 година
Скопје

Министер
за транспорт,
**Александар Николоски,** с.р.